**Општина Охрид**

Согласно Програмата на Советот на општина Охрид(А0)(„Службен гласник на општина Охрид“ бр.17/2021 со бр. 08-13561/19 од 29.12.2021 година и Одлуката за измени и дополнување на Програмата за одржување на локални патишта и улици и регулирање на режим на сообраќај со број 08-7805/1 од 08.06.2022 година,општина Охрид објавува

**ЈАВЕН ПОВИК**
**за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид и линиски превоз на патници кој заеднички го организираат општините Охрид и Дебрца**

**1.**Предмет на јавниот повик е надоместување на дел од трошоците на деловните субјекти кои обавуваат линиски превоз на патници во услови на економска криза односно овозможување одржливост на линискиот превоз преку доделување на субвенции.

1.1 Начинот на доделување на субвенциите и максималниот износ на субвенција која може да се добие за секоја линија поооделно се дадаени во Правилникот за субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, како и превозот на патници што заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца.

**2.** Критериумите за учество на Јавниот повик, начинот на пријавување на деловните субјекти кои обавуваат линиски превоз како и начинот на исплата на средствата се уредени во Правилникот за субвенционирање на општинскиот линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид, како и превозот на патници што заеднички го организираат Општина Охрид и Општина Дебрца составен дел на овој јавен повик.

**3.** Оценувањето на комплетноста и валидноста на приложената документација ќе го врши Комисија за спроведување на Јавниот повик за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид формирана со решение донесено од од страна на Градоначалникот на општина Охрид.

**4.** Барањата за субвенционирање заедно со потребната документација, барателот во затворен плик на кој ќе стои назнака„ За Јавен повик за субвенционирање на општински линиски превоз на патници на подрачјето на општина Охрид и на линиски превоз на патници кој заеднички го организираат општините Охрид и Дебрца “ може да ги достави лично во архивата на општината или по пошта на следната адреса ул. „Димитар Влахов“ бр.57 .

Краен рок за достава на барањата:15.09.2022 година, до 13 часот.

**5.** Дополнителни појаснувања во врска со објавениот повик може да се добијат лично во просториите на општина Охрид или писмено по електронски пат до Секторот за комунални дејности, сообраќај и улици-**komunalen.razvoj@ohrid.gov.mk.**

**Комисија за спроведување јавен повик**

**Општина Охрид**

ПРИЛОГ 1

**Б А Р А Њ Е**

за субвенционирање на линиски превоз

**Преглед на основите податоци на деловниот субјект:**

| | |
|---|---|
| Назив на деловен субјект | |
| Адреса на седиште | |
| ЕМБС | |
| Жиро сметка | |
| Депонент банка | |
| Контакт телефон | |
| e-mail адреса | |
| Назив на линија | |

Воедно изјавувам дека сум согласен:

- со условите од Правилникот за субвенционирање на општински линиски превоз на подрачјето на општина Охрид како и превозот на патници што заеднички го организираат општините Охрид и Дебрца и
- податоците од ова барање да се користат за потребите на општина Охрид во постапката за решавање на предметот.

Во прилог, Ви ги доставуваме потребните документи:

1. Важечки договор (копија) за вршење општински линиски превоз на патници во општина Охрид;
2. Лиценца, дозвола за вршење на превоз и регистриран возен ред за секоја линија пооделно (копија);
3. Тековна состојба на деловниот субјект не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на објавување на повикот;
4. Потврда од Централен регистар дека над деловниот субјект не е отворена стечајна постапка, не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на објавување на повикот;

5. Потврда од Централен регистар дека над деловниот субјект не е отворена постапка за ликвидација, не постара од 60 (шеесет) дена од датумот на објавување на повикот;
6. Уверение за платени даноци и придонеси, издадено од Управата за јавни приходи не постаро од 60 (шеесет) дена од датумот на објавување на повикот;
7. Потврда за подмирени обврски кон општина Охрид кои произлегуваат од даноци на имот, комунални такси, надоместок за користење на автобуски постојки....) или потврда за регулирани обврски(спогодба или сл.документ).

   Под регулирани обврски се подразбира склучени договори за одложено плаќање и плаќање на рати. Исплатата на субвенциите кај превозниците кои ќе достават потврда за регулирани обврски ќе се врши по уплата на најмалку 2 рати и
8. Изјава дека барателот нема добиено друга субвенција од државни органи за истата намена.

* Барање се доставува за секоја линија поединечно.

Барател,

Охрид, ___.___.______ година ____________________________

Прилог 2

# И З Ј А В А

Јас ___________________________________ во својство на одговорно лице на претпријатието______________________ под полна материјална, кривична и морална одговорност изјавувам дека претпријатието нема претходно добиено друга помош за патници од друга државна институција за годината за која се однесува субвенционирањето.

Барател,

Охрид, ___.___.______ година ____________________________

**Општина Охрид**

Прилог 3

**ДО**
**ОПШТИНА ОХРИД**

**ПРЕДМЕТ:** Барање за издавање потврда

**Барател:** ----------------------------------------------------------------

Почитувани,

Го молам горенаведениот наслов да ми издаде потврда за **подмирени**/**регулирани** *обврски кон општина Охрид кои произлегуваат од следните основи:

- ✓ комунални такси,
- ✓ даноци и
- ✓ надоместок за користење на автобуски постојки.

Потврдата ми е потребна заради учество на јавен повик за доделување субвенции за вршење на општински линиски превоз на подрачјето на општина Охрид и линиски превоз на патници кој заеднички го организираат општините Охрид и Дебрца.

Барател,

----------------------------------------------------------------
(назив на фирма)

----------------------------------------------------------------
(потпис на одговорното лице)

* Под регулирани обврски се подразбира склучени договори за одложено плаќање и плаќање на рати.